ПРЕДЛАГАЧ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, ноември 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 26.11.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. Org | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5984/1 | | |

**ДО**

**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**

**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за средното образование, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

Емилија Анѓелова

Катерина Димитровска

Ивана Василева

## ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во дел од одредбите од Законот за средното образование потребно е да се изврши терминолошко усогласување со одредбите од законот со кои се регулира полагањето на испитите на крајот на средното образование, како и терминолошко усогласување со називот на Концепцијата за испити на крајот на средното образование.

Исто така, со овој Предлог на закон се доуредува постапката за обезбедување на бесплатниот превоз за учениците кои се со место на живеење оддалечено најмалку 2,5 километри од средното училиште во кое ученикот е запишан, како и за учениците со попречености.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целите и начелата на овој закон се согласно целите и начелата во Законот за средното образование.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог на закон не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон не предвидува дополнителни фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" број 44/1995, 16/1996, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 41/2001, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 18/2003, 67/2004, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 88/2009, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 229/20, 269/23, 78/25 и 132/25), во членот 9-а став (2) во алинеја 3 зборовите: „државна матура, училишна матура, завршен испит" се заменуваат со зборовите: „испити на крајот на средното образование".

Член 2

Во членот 9-д став (2) зборовите: „државна матура, училишна матура, завршен испит" се заменуваат со зборовите: „испити на крајот на средното образование".

Член 3

Во членот 11-а став (3) зборовите: „Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит" се заменуваат со зборовите: „Концепцијата за испити на крајот на средното образование".

Член 4

Во член 40-а во ставовите (1) и (2) по зборот „матура" се става запирка и се додаваат зборовите: „државната стручна матура и државната уметничка матура".

Член 5

Во член 41-а ставовите (1), (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(1) За ученикот кој е со статус на редовен ученик во средно училиште се организира бесплатен превоз до училиштето, ако ученикот не се смести во ученички дом.

(2) Ученикот од ставот (1) на овој член, има право на бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку 2,5 километри од средното училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата и ако избраниот сектор и квалификација не се застапени во општината во која ученикот живее.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, ако во општината во која живее ученикот при запишувањето во прва година на образование се пополнети сите места во училиштето, односно училиштата во општината, ученикот има право на бесплатен превоз до средно училиште во друга општина во кое е ученикот запишан, ако местото на живеење е оддалечено најмалку 2,5 километри и ако ученикот ја посетува наставата.".

Ставовите (7) и (8) се бришат.

Ставот (9) станува став (7).

Член 6

Во член 59-б во став (2) алинејата 4 се менува и гласи:

„- ниво Г1 самостоен референт (технички секретар кој врши благајнички и други слични работи, благајник и технички секретар).".

Алинејата 5 се брише.

Член 7

Одредбата од членот 5  од овој закон, со кој се бришат одредбите од членот 41-а ставови (7) и (8), ќе отпочне да се применува за организирање на превозот на учениците од учебната 2026/2027 година.

Член 8

Одредбите од членот 6  од овој закон, со кои во членот 59-б во став (2) се менува алинејата 4 и се брише алинејата 5 ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Со членот 1 во член 9-а во став (2) во алинејата 3 зборовите „државна матура, училишна матура, завршен испит“ се заменуваат со зборовите „испити на крајот на средното образование“.

Со членот 2 член 9-д во ставот (2) „државна матура, училишна матура, завршен испит“ се заменуваат со зборовите „испити на крајот на средното образование“.

Со членот 3 во член 11-а во ставот (3) зборовите „Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит“ се заменуваат со зборовите „Концепцијата за испити на крајот на средното образование“.

Со членот 4 во член 40-а во ставовите (1) и (2) по зборот „матура“ се става запирка и се додаваат зборовите „државната стручна матура и државната уметничка матура“.

Членовите 1, 2, 3 и 4 се заради терминолошко усогласување со одредбите од законот со кои се регулира полагањето на испитите на крајот на средното образование, како и терминолошко усогласување со називот на Концепцијата за испити на крајот на средното образование.

Во членот 5 во член 41-а ставовите (1), (2) и (3) се менуваат, а ставовите (7) и (8) се бришат со цел да се доуреди постапката за обезбедување на бесплатниот превоз за учениците кои се со место на живеење оддалечено најмалку 2,5 километри од средното училиште во кое ученикот е запишан, како и за учениците со попречености.

Со членот 6 се врши усогласување на звањата на административните службеници согласно со Закон за административни службеници.

Членот 7 е преодна одредба со која се регулира дека одредбата од членот 6 од овој закон, со кои во членот 59-б во став (2) се менува алинејата 4 и се брише алинејата 5 ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.

Членот 8 е преодна одредба со која се регулира дека одредбите од членот 6 од овој закон, со кој се бришат одредбите од членот 41-а ставови (7) и (8), ќе отпочне да се применува за организирање на превозот на учениците од учебната 2026/2027 година.

Со членот 8 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со овој закон ќе се изврши терминолошко усогласување со одредбите од законот со кои се регулира полагањето на испитите на крајот на средното образование, како и терминолошко усогласување со називот на Концепцијата за испити на крајот на средното образование.

Исто така, со овој закон се доуредува постапката за обезбедување на бесплатниот превоз за учениците кои се со место на живеење оддалечено најмалку 2,5 километри од средното училиште во кое ученикот е запишан, како и за учениците со попречености.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 9-а

(1) Средното училиште собира, обработува, чува, испраќа и користи податоци содржани во збирките на податоци согласно со прописите за заштита на личните податоци, за потребите на интегрираната база на податоци која ја води Министерството.

(2) Збирките на податоци од ставот (1) на овој член се водат за следниве цели:

- унапредување на процесите и процедурите потребни за управувањето со човечките ресурси, финансиите и инфраструктурата во средните училишта,
- обезбедување навремени, конзистентни, целосни и точни податоци што ќе претставуваат поддршка на процесот на донесување одлуки, спроведувањето на образовната политика и планирањето на реформите во средното образование,
- обезбедување на податоци неопходни за функционирање на други потсистеми (електронски дневник, државна матура, училишна матура, завршен испит во средното образование и
- ефикасно управување со распределбата на средствата во децентрализираниот образовен систем, планирањето на изградба и реконструкцијата на училишната инфраструктура и унапредувањето на професионалниот развој на вработените во средните училишта.

(3) Заради водење на збирката на податоци од став (2) алинеја 1 на овој член, како и заради заштита на личните податоци, за ученикот запишан во средно училиште личните податоци се преземаат преку единствениот образовен број на ученикот кој го следи ученикот низ неговото образованието и ги поврзува сите податоци за ученикот.

(4) Единствениот образовен број на ученикот е поврзан со матичниот број на граѓанинот.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, на лице со статус на странски државјанин, лице без државјанство и присилно раселено лице, му се доделува привремен единствен образовен број.

Член 9-д

Директорот на средното училиште, од редот на вработените во училиштето овластува лице, односно лица за обработка на личните податоци од членот 9-в од овој закон.

Лицата од ставот (1) на овој член имаат обврска личните податоци да ги чуваат во тајност. До личните податоци пристап можат да имаат и други овластени стручни лица овластени од министерот, на кои овие податоци им се потребни заради реализација на државната матура, училишната матура, завршниот испит и електонскиот дневник, согласно со закон.

Член 11-а

Покрај условите утврдени во членот 11 од овој закон, за основање на приватно средно училиште основачот треба да приложи банкарска гаранција дека ќе биде во состојба да ги надомести средствата кои учениците ги уплатиле на приватното средно училиште кое престанало со работа и другите трошоци кои ќе ги имаат учениците заради префрлувањето во друго средно училиште во земјата.

Висината на банкарската гаранција од ставот 1 на овој член ја утврдува министерот во зависност од бројот на предложените паралелки во елаборатот за основање, како и од висината на надоместокот кој се уплаќа за школување.

Основачот на приватното средно училиште кон барањето одобрение за основање на приватно средно училиште доставува и наставни планови и програми усогласени со Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит.

Член 40-а

(1) Надлежна установа за спроведување на државната матура е Државниот испитен центар.

(2) Највисоко надлежно тело за спроведување на државната матура е Државниот матурски одбор.

(3) Составот и начинот на работа на телата поврзани со сите видови испити за завршување на средното образование, ги пропишува министерот, на предлог на Државниот испитен центар.

Член 41-а

(1) Редовниот ученик во средно училиште има право на бесплатен превоз, ако ги исполнува кумулативно следните услови:

- местото на живеење на ученикот е оддалечено најмалку 2,5 километри од средното училиште во кое ученикот е запишан,
- ученикот е запишан во средно училиште во кое избраното гимназиско образование, сектор и квалификација не е застапено во општината во која ученикот живее,
- ако во општината/градот Скопје во која живее ученикот при запишувањето во прва година на образование се пополнети сите места во средните училишта и
- нема ученички дом или се пополнети капацитетите за сместување во општината во која припаѓа средното училиште каде ученикот е запишан.

(2) Ученикот од ставот (1) на овој член, има обврска да поднесе барање за сместување во ученичкиот дом во општината/градот Скопје каде е запишан во средното училиште.

(3) Ученикот има право да користи бесплатен превоз само во услови кога е исполнет капацитетот на ученичкиот дом, односно ученикот е на листа на чекање за прием во ученичкиот дом.

(4) За ученикот кој користи сместување и исхрана во ученички дом не се организира бесплатен превоз до дома за време на викендите, освен за учениците со попреченост.

(5) Ученикот со попреченост и лицето за негова придружба имаат право на бесплатен разумно прилагоден превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до јавното средно училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата.

(6) Учениците од ставот (1) на овој член, за остварување на правото за бесплатен превоз поднесуваат барање во средното училиште во кое се запишани, а средствата ги обезбедува основачот на средното училиште.

(7) Средствата и начинот на превозот на учениците од став (1) на овој член, е согласно Законот за превоз во патниот сообраќај.

(8) За релација каде нема обезбедено линиски превоз, за висината на превозот одлука донесува основачот.

(9) Сместувањето и превозот за учениците од приватните средни училишта, ги обезбедува основачот.

Член 59-б

(1) Вработените во средните училишта кои вршат работи од административна природа заради остварување на дејноста средно образование имаат статус на административни службеници.

(2) За вработените од ставот (1) на овој член се утврдуваат следните нивоа на работни места:

- категорија В - стручни
- ниво В1 советник за нормативно правни работи (секретар), и советник за сметководствени работи (сметководител)
- категорија Г помошно - стручни
- ниво Г1 самостоен референт (технички секретар кој врши благајнички и други слични работи) и
- ниво Г2 виш референт (благајник и технички секретар).